До клиент:

Клиентски бр./Краток опис:

Од:

До:

# Изјава за споделување податоци

## 1. За што се работи?

Со оваа изјава, сите сегашни и идни компании на Erste Група[1] кои нудат финансиски услуги[2] ќе бидат овластени да разменуваат помеѓу себе и понатамошно да обработуваат податоци кои се однесуваат на компанијата што ја потпишува оваа изјава. Тековна листа на овие компании на Erste Група може да се најде на следната адреса: www.erstegroup.com/konzernunternehmen.

## 2. Кои податоци се опфатени во оваа изјава?

Опфатени податоци во оваа изјава се сите информации во врска со:

- компанијата, нејзините деловни активности и нејзината финансиска состојба („Податоци за компанијата"), односно, особено, име, адреса, телефонски број, веб-страница, е-маил адреси, индустрија, организациска структура, описи на нејзините области на активност, опис на стратегијата на компанијата, финансиски податоци (особено годишни финансиски извештаи, финансиски проекции, деловни планови, планирање на ликвидноста и документи за обезбедување);
- обемот и содржината на нејзината постојна и планирана бизнис-релација со компаниите на Erste Група („деловни податоци"); така што, пред сè, внатрешни податоци за профитабилноста на Erste Група за компанијата, портфолио на производи и детали за производите како што се времетраењето и колатералите; како и

---

[1] **"Erste Group"** значи Erste Group Bank AG, Am Belvedere 1, 1100 Vienna, Austria ("Erste Holding") и

i. сите субјекти во кои Ерсте Холдинг има и ќе има интерес, без оглед на тоа дали овој интерес е директен или индиректен, мнозински или малцински; и

ii. сите ентитети кои се вклучени во консолидирани финансиски извештаи на Erste Holding (вклучувајќи ги сите членови на "Haftungsverbund" – заеднички систем за рано предупредување и крос-гаранција воспоставен меѓу сите австриски штедилници ("Sparkassen")). Терминот "Erste Group" исто така опфаќа ентитети кои се директно или индиректно контролирани од други ентитети на Erste Group.

[2] **"Erste Group"** значи Erste Group Bank AG, Am Belvedere 1, 1100 Vienna, Austria ("Erste Holding") и

i. сите субјекти во кои Ерсте Холдинг има и ќе има интерес, без оглед на тоа дали овој интерес е директен или индиректен, мнозински или малцински; и

ii. сите ентитети кои се вклучени во консолидирани финансиски извештаи на Erste Holding (вклучувајќи ги сите членови на "Haftungsverbund" – заеднички систем за рано предупредување и крос-гаранција воспоставен меѓу сите австриски штедилници ("Sparkassen")). Терминот "Erste Group" исто така опфаќа ентитети кои се директно или индиректно контролирани од други ентитети на Erste Group.

- идентитетот на физичките лица кои работат за и/или се поврзани со компанијата, т.е., особено, во однос на акционерите, крајните сопственици, доверителите и корисниците, како и податоци за типот и целта на деловниот однос, вклучувајќи информации за потеклото на средствата („Податоци за идентификација").

**3. За која цел ќе се обработуваат (пренесуваат) податоците?**

Компаниите на Erste Група ќе

- Ги разменуваат и понатаму ќе ги обработуваат податоците за Компанијата, Бизнисот и Идентификацијата со цел:
  - да бидат во можност да се усогласат со своите законски обврски за борба против перење пари и финансирање тероризам, особено во согласност со барањата на V-та Директива (ЕУ) 2015/849 за спречување на употребата на финансискиот систем за целите на перење пари или финансирање тероризам
  - да бидат во можност да се усогласат со своите законски обврски заевидентирање, оценување, ограничување, управување и следење на деловниот ризик, особено во согласност со барањата  Директива 2013/36/ЕУ на Европскиот Парламент и на Советот од 26 јуни 2013 година за пристап до дејноста на кредитните институции и пруденттниот надзор на кредитните институции и инвестициските фирми
  - да ги олеснат постапките за нови клиенти;
- да бидат во можност да разменуваати обработуваат деловни податоци за да се креираат  деловни  понуди прилагодени на профилот на конкретниот клиент (маркетинг).

За оваа цел и до степенот што е наведено погоре, јас/ние, во името на компанијата назначена во линијата за потпис подолу, експлицитно ги ослободуваме тековните и идни компании на Erste Група кои нудат финансиски услуги[3] од сите обврски што можат да ги имаат за чување на банкарска тајна меѓу себе согласно одредбите на релевантната важечка регулатива која го регулира банкарското работење или согласно релевантиот важечки Закон за банки. Оваа изјавена согласност за ослободување од банкарска тајна може да се повлече во секое време во писмена форма. Повлекувањето нема да влијае на легитимноста на обработката на податоци која се случила до точката на повлекување на согласноста.

| ______________________________ | ______________________________ |
|---|---|
| Датум | Назив на правното лице |
| | ______________________________ |
| | Потпис на овластеното лице за застапување на правното лице |

[3] „Финансиски услуги" значи која било банкарска услуга, како и секоја услуга извршена во врска со давање на заем, осигурување, индивидуални пензиски шеми, готовински инвестиции или плаќања.